**ГАЕТАНО ЛОНГО**

# Игри на рамнотежа

---

**Превод од италијански на македонски јазик**
**Билјана Билјановска**

Италијанскиот поет и прозаист**, Гаетано Лонго** е роден во Трст, Италија, на 6.јануари 1964 година каде што живее и работи. По воената Академија завршил студии по Политички науки и економија (Трст, Болоња, Буенос Аиарес) и докторирал на Универзитетот *Константин Стере* (Молдавиа).

***Игри на рамнотежа*** е една од неговите почетни поетски збирки,објавена во 1987 година, кога за прв пат престојува во Струга, добивајќи ја во таа прилика наградата на Нова Македонија.

Матеја Матевски кој од самиот почеток го следи неговото творештво, во својот воведен дел од една од следните негови збирки ***Лузни за сеќавањето*** ќе го каже следново: "...читајќи ја неговата поезија, Гаетано Лонго го доживуваме како поет сиот внесен во барањето на сопствениот идентитет, прво човечки и морален, потоа, преку него, или пототчно во единство со него, и својот сензибилитет на лиричар, особеноста на сопствената творечка личност. Таа персоналност свртена со сетилата и со мислата

кон својот внатрешен свет и кон светот во кого, од кого и за кого живее, го упатува неговото поетско љубопитство кон широкото поле од мотиви за кои и од кои се твори неговата песна.”

Пред и по оваа своја збирка, Гаетано Лонго во својата биографија ќе ги вклучи и следниве збирки: ***Шах маш*** (1990), ***Ашмосфера на шешоважи*** (1994), ***Дневник на еден йаганин***(1997) ***Нейовраѿни йејзажи***(1999), ***Анѿологија на делириум и на чуда***(2001), ***Графиѿи***, Поетска антологија (1982-2001), ***Времиња и невремиња*** (2005) ***Заеднички месѿа*** (преведена и објавена на македонски во 1994), ***Лузни за сеќавањеѿо*** (преведена и објавена на македонски во 2006) и ***Евѿини сѿихови*** (преведена и објавена на македонски во 2010), и многу други. Добитник е на бројни домашни и меѓународни признанија, меѓу кои и наградите *Сандро Пена* (Перуѓа), нагрдадата на *Нова Македонија* (во 1997), меѓународната награда за поезија *Микае Еминеску* (Романија), *Глигора Веру* и многу други.

Како фриленс новинар и воен известувач работел за РАИ, во сорботка со ТВ Куба го објавува документарецот “*Адио Југославија*”, за кој ќе го напише и сценариото. Работел како новинар во редакциите на *Il Manifesto* (Рим), *Il Picclo* (Трст),

*Trieste oggi* (Трст), *Cubavision internazionale* (Куба), бил одговорен директор на Радио Трст.

Денес Гаетано Лонго е уметнички директор на Поетскиот Фестивал во Трст, почесен конзул на Колумбија во Италија, но е и постојан член на редакциите на бројни поетски и други списанија. Попотрпретседател на фондацијата Михаи Еминеску (Романија) и член на бројни домашни и странски редакции, пред сѐ во Италија, Шпанија и Романија.

# I

## ЖИВОТ ВО БАРУШТИНА

**Земи ја барата и наполни ја со вода**
**Пијани риби ти плукаат в лице**
**А гнасни жаби  кал и  сивило**
**Од животот**
**Прават пик-ник на тревата.**

# НА ПЛАЖА

**Еден стар пијаница седи на плажата**
**кога случајно оттаму мина**
**Вистината што постои**
**ги троши парите купувајќи школки од една тона**
**и го пие своето слатко вино на самотијата.**

## НЕБЕСКА БАЛАДА

**Перверзии од змија**
**Во една мешаница од фигури**
**Во црниот кревет на Пеколот**
**Искричавите очи на една помамна Пепелашка**
**На скалите од Небото**
**Во Бесконечниот Рај.**
**Заморени емоции**
**А таткото го тепа синот,**
**Големи минливи фигури**
**Во перверзиите на змијата.**

# ГВАТЕМАЛА ПСИХОДЕЛИЧНО ИДИМИ-ДОЈДИМИ

**Безмилосно пијан**
**и**
**нас-**
**меан**
**Императорот на Изгрејсонцето**
**слуша РокенРол**

**Три вулкана**
**Тежат на плеќите**
**Но овие мирни луѓе**
**со долго помнење Маја,**
**Вљубени**
**живеат**

**Колку ли Одисеи треба да**
**почнеме**
**За да конечно се вратиме**
**дома?**
**Сезоната нè контролира.**
**Во ѕвездите, меѓу ѕвездите**
**Како мал астро-брод,**
**мојата глава.**
**Да се смалиш**

**Како мравка**
**со чувство**
**на празнина**
**и да се почуствуваш**
**малечок, слаб,**
**а непобедлив.**
**Напнатост и  окрепа**
**Нѐ  учат да знаеме а потоа**
**да убиваме.**

**Вештер лета околу нас.**

**Марлборо и Кока-Кола**
**во Колосеумот**
**благодарејќи му на Вујче Сем**
**Секогаш**
**Марлборо и Кока-Кола**
**Мексико**
**Гватемала**
**Секогаш**
**благодарејќи му на вујче Сем**
**За да се умре од глад**
**но**
**да се ум-**
**Ре**
**добро**
**молњи на небото**
**илјадници се**
**во**
**ноќта без облаци**

**и додека**
**на розата ѝ се литат петелките**
**ѕвездите се менуваат но**
**месечината е**
**истата**
**и**
**алкохолот исто така -**
**Кариби и палми**
**Да се потиш и да пиеш пиво**
**Да се потиш и да јадеш луто**
**Додека**
**во градот Мексико**
**го украдоа хоризонтот.**
**Слики и бои ја исполнуваат темнината**
**слободна концентрација со**
**последните големи пронајдоци**
**на човекот:**
**детемаж, детежена,**
**живмртов,**
**сопствено дете од друг татко**

**Вештерот седи со нас.**
**црвени ламби**
**Руски**
**од Москва**
**РУСИЈА**
**Добарден**
**Би можел да го видам господин Ленин?**
**Бесконечна низзззззззааааааааа**
**Ред и Дисциплина**

**Зошто морам да минам низ**
**Азија**
**за да стигнам во**
**Мексико?**

# РАТАТАПЛАН
## (татнежи)

**Неподносливо пијан**
**и**
**нас -**
**меан**
**императорот на Изгрејсонцето**
**заврши со слушање на Рокенд-Ролот.**

# II

# КАДЕ Е МОЈОТ ДУХ?

**Можев многу да се забавувам**
**Но бев многу зафатен**
**За да го ослободам мојот дух.**
**Се плашам дека го оставив премногу да талка**
**Не верувам**
**Дека стигнал многу далеку**
**Ќе го собере некое**
**суштество**
**ЧЕСНО**
**и ќе ми го врати**
**Многу долго е затворен во овј кафез.**
**А малку воздух**
**Може само да му годи**
**А малку слобода**
**ќе го заздрави**
**а малку среќа**
**ќе го направи небоичен**
**а малку лутина**
**ќе го направи лош**
**а малку љубов**
**ќе го направи добар**
**а малку од вас**
**ќе го направи**
**НИШТО.**

# Еден прекрасен ден

**Сето она што може да се почуствува**
**наутро**
**тукушто разбудени**
**е еден јазол в грлото**
**што бавно се качува и ве тера да ви затреперат усните**
**и ги полни очите**
**со солзи што се лизгаат**
**бавно и жешко по образите**
**А она што може да се почуствува**
**во тек на денот**
**е едно чувство на замор и истоштеност**
**што го парализира телото**
**а во главата носи ужасни мисли.**
**А ноќта**
**носи едно чувство на тага**
**очите се затвораат**
**а во грлото јазол од кој треперат усните**
**Солзите се лизгаат бавно и жешко**
**по образите**
**и веќе сме подготвени за уште еден прекрасен ден.**

# ПРОБЛЕМИ НА КОВЧЕГОТ

**Можеби**

**Не ќе најдев подобра крепост**
**Ако останев во мојата соба**
**читајќи поезија**
**ќе говорев за Зенот**
**- ако е воопшто тоа можно -**
**ако Паторот Пајо и Буда беа зачукале**
**на мојата варата- а јас да им понудев вино-**
**ќе ги слушав моите зборови**
**ќе се избањав**
**ако онаа риба што ја сретнав**
**една ноќ**
**ќе минеше да ме земе**
**ќе останев да спијам**
**ако креветот беше слободен**
**од оваа навална теминина**
**ќе можев многу работи да направам**
**ако светот не експлодираше вчера**

**Можеби**

# РАБОТИ И ДЕНОВИ

"Ги видов најголемите умови на мојата генерација"
потпрени на познатите столбови
како да го држат товарот на целиот нивни живот,
како си го чешаат стомакот и не прават ништо
со онаа забладана насмевка на усните
што секогаш означува голема
ДОСАДА
седнати во познатото кафуле,
а ги има два - тројца,
за да не се заморуваат барајќи ги другите,
со познатото пиво во рацете
очекувајќи дека во тие мигови
ќе се случи нешто чудесно
и прекрасно
за сите но пред сè
за нив самите
И секогаш со таа идиотска насмевка
говорат-говорат
говорат-говорат
а не заклучуваат ништо
и одат-одат
одат-одат
и на крајот се повторно на истата точка
Ги видов како одат на оние исти празници
со онаа иста идеја
да пијат колку што им е волја за да се осмелат
мислејќи дека прават нешто лудо

**што можеме да го направиме и без да пиеме**
**да си најдеме можеби девојка која**
**ќе биде добра за една вечер**
**која ќе ти помогне да се почуствуваш значаен**
**и животот продолжува на тој начин**
**па кога ќе ти стане јасно**
**(ако воопшто се случи)**
**гледаш дека нема што многу да се прави и мислиш**
**дека потполно си збудалел**
**па врескаш безнадежно**
**па повторно одиш-одиш**
**одиш-одиш**
**за да останеш на исто место**
**и говориш-говориш**
**говориш-говориш**
**без да кажеш некогаш нешто.**
**Ти си дел од човековите жртви**
**За Божицата Општество**
**Оние што пред тебе стигнале**
**сега со тебе**
**мислат дека ги шпионираат сопствените гревови и грешки**
**Дури и да немаш што да правиш**
**Затоа што твоето место е веќе одбрано**
**Ако не**
**ќе останеш да стоиш.**

# ОВДЕ

**Поради какво предавство**
**Мораме овде да останеме и да гориме?**
**За кој живот**
**да сневаме?**
**За која љубов**
**да пееме?**
**За каква радост**
**да пиеме?**
**За кого**
**да се запреме овде да мислиме?**
**Вие, не знам**
**но ЈАС**
**барем**
**за себе знам.**

# АРЛЕКИН

**Арлекинот е поразен, роден е да губи.**
**Арлекинот учи: учи да мрази**
**и да не се сеќава на љубовта.**
**Роден е случајно или пак за ништо.**
**Арлекинот ќе го најдеш насекаде**
**со неговиот превез на тага**
**што му блеска од очите.**
**Арлекинот рецитира една залудна комедија,**
**Не вреди да се буни,**
**Нема никогаш да победи.**
**Сретнав еден стар Арлекин**
**кој ми говореше за неправди**
**во лудоста на мојот ум:**
**“Еден друг Арлекин е тргнат настрана”**
**Мрази се убива и исчезнува.**
**Арлекинот е поразен, роден губитник е.**
**Завршува уште една сторија.**
**Завесата се спушта.**

# ПРАЗНИЧЕН ДЕН

**Ги сретнав**
**Христос и Буда**
**како се шетаат држејќи се под рака.**
**Можев да помислам дека зборуват за сериозни работи**
**но те уверувам дека не зборуваа:**
**Ги чув.**
**Зборуваа за фудбал, вино**
**и школки во сос**
**и (знам дека нема да ми веруваш)**
**но зборуваа и за жени.**
**Беа во едно Кафуле**
**И меѓу еден и друг виски**
**Дискутираа што ќе прават.**
**Знам дека нема да веруваш -**
**беа толку уверливи што дури ќе те насмееја.**
**Знам дека нема да веруваш -**
**Беа толку не;исти и без вртовски и џакет**
**И поради некоја глупост**
**беа истерани.**
**Знам дека нема да веруваш -**
**од вчера уште**
**сум во ова Кафуле**
**чекам да се вратат.**

# ПРАШАЊА НА КОЖАТА

**Бевме млади**
**Без проблеми.**
**Не оти беше забавно**
**да се оди на лов и да се облакаме во кожа**
**не мислевме на тоа**
**требаше да сме задоволни.**
**Еднаш се уверивме**
**дека Земјата е убава**
**и не можевме да ја поделиме**
**со сите**
**Но меѓу нас можеше и да се издржи**
**уште некоја војна.**

**Не оти беше забавно**
**меѓусебно да се убиеме**
**но бевме сè уште премногу млади.**
**Со време станавме премногу**
**па ако некој имаше премногу**
**му беше подобро,**
**и случајно да се затвори,**
**не беше проблем.**
**Не оти беше забавно**
**не мислевме повеќе**
**затоа што растевме.**
**Но сега нема кој да нè затвори**

**Се затвораме самите**
**Не оти е забавно,**
**но имаме барем нешто**
**да правиме.**
**Во основата не помисливме**
**дека сме остарени**
**па повеќе не нѝ е толку важно .**

# ШКОЛСКИ ПОУКИ

*На стариот Алчео- кој во матните години на*
*Младоста - умееше да нѝ ја даде*
*светлината на оптимизам.*

**Веќе знам како ќе заврши**
**Сите**
**ќе се забавуваат**
**– а ние преку сите –**
**и ќе пиеме без да ги чекаме кандилата.**
**“Да пиеме, зошто да ги чекаме кандилата.**
**Денот е долг колку еден прст.**
**πό√oμE√”.**
**И ќе пиеме без прекин**
**Сѐ додека сме на нозе**
**за да им пееме на ѕвездите удвоени на небото.**

# АРС ДРАМАТИКА

## 1

**“Дома сум и си ги вршам работите,**
**како секогаш,**
**но некој се интересираше**
**можеби**
**(сигурно) е некој добар”**
**“Можеш поинаку тоа да го направиш” Ми велат**

## 2

**“Вечерта, празнување,**
**Повторно се чувствував лошо**
**Можеби (сигурно)**
**По моја грешка”**
**“Би можел друго нешто да правиш“   Инсистираат**

## 3

**“Празникот е далеку**
**излегов за да бидам во друштво**
**ветрето беше тивко**
**и правев друго**
**и можеби (сигурно) се забавував”**

**“Обиди се нешто друго” Се осмелуваат.**

## 4

## “Си заминувавм
## можеби (сигурно)
## одиме по паралелни патеки.”

# III

**Уморен старец –**
**Една жаба скока –**
**жубор во водата**

***Бахо* (1644-1694)**

# 5 Мали ноќни хаику

I Удирам со ногата.
овој папагал
вреска ранет.

II Ќе се вратам
да, преку моите чекори:
си ја сечам брадата.

III Виното стасува
го полнам стомакот
Кралот повраќа.

IV Еден сам старец
оди по улицата
но нема една нога.

V Какви чуда
на овој Свѐт свет:
спијам и живеам.

# IV

# СЛИКА

**Стариот скитник**
**го заврши својот пат**
**и сега**
**чека на аголот од улицата**
**некој да го префрли кај мајка му.**
**А ние**
**се местиме на дрвото**
**и чекаме да созрееме**
**за да нѝ платат**
**еден по еден**
**А старата дива**
**го чека големиот финале**
**додека**
**еден Црвенокос**
**со Лице на Свиња свири Блуз,**
**и затвореници и чувари**
**без разлика**
**венеат во затворот.**

# МРТОВЕЧКИ ТАНЦ

**Среќни маски на Карневалот**
**играат пијани**
**врз коските на мртвите**
**што се препелкаат под нивните нозе**

**Маските играат**
**по крвта на ликвидираните идиоти**
**веќе одамна изгниени**
**и не успеваат**
**да ја почуствуваат смрдеата.**

# НЕОБИЧНА ГРАНИЦА НА СВЕТЛИНАТА

**Можат да се сретнат луѓе**
**среќни и насмеани**

**од радост**
**но некогаш и од тага**

**Значајно е**
**да не се запалат**

**Тоа е еден од начинте**
**да се осветлат.**

# СОВЕТИ НА СТАРЕЦОТ

**“Господска сексација’ рече учителот**
**тоа е значајно**
**да се турнат до дното**
**да паѓаат од облаците замоци низ воздухот**
**позлатени и блескави**
**сѐ  до неверојатниот Каренвалски  финале**
**“Господска  сексација” рече учителот**
**и го отепаа.**

# НАЈГОЛЕМАТА УЛИЦА

**Нѝ наметнува**
**нешто.**
**Го негира.**
**Понекогаш**
**Е насилство или болка**
**Задоволство или сладост.**
**Тишината во една ѕвездена ноќ**
**Или она на еден нескротен врв**
**Тишина – Напнатост**
**Паузата на еден глумец или на цел окрестар**
**Меѓу илјадници души**

**Тишината:**
**Скоро ти се чини измислица.**

# ПРОКЛЕТО ВРЕМЕ

**Ја кревам раката**
**Со бавен покрет**
**И го гледам часот.**
**Ја спуштам раката**
**и по кратко време**
**повторно ја кревам, неуморно,**
**со бавен покрет**
**гледам како минува времето**
**часови , минути, секунди**
**а отчкувувањето на ова време**
**ми ѕвони во ушите прво бавно**
**и додека сказалката за секундите**
**го отчукува својот ритам**
**сѐ се претвора во едно заглушувачко ѕвонење.**
**Ја спуштам неуморната рака**
**И со покрет скоро автоматски повторна ја кревам**
**а времето неисцрпно продолжува.**
**И во сето ова движење**
**И во сето ова мислење**
**Се уверувам дека**
**Никогаш и не сум носел часовник.**

# СКИЈАЊЕ НА ВОДА

**Песна на смев**
**врз млакото море**
**весели и разиграни**

**Веселба од бранови**
**и тивки чекори**
**врз длабоката вода**

**Среќни и задоволни**
**преку прозрачното море**
**водиме сметка**

**да не се сплеткаме.**

# ИГРИ НА РАМНОТЕЖА

**Вгнезден**
**на едно дрво**
**го гледа светот од далеку.**
**Центарот на гравитацијата е**
**Стабилен**
**гранката**
**цврста**
**и**
**обезбедува дистанца.**

**Од горе**
**Удолу**
**Е полесно да се гледа,**
**но да се гледа угоре**
**е друга работа.**

# **СЀ Е НОРМАЛНО**

**Секој добар војник**
**ја има својата блескава медаља**
**а зад секоја блескава медаља**
**илјадници мртви**

**Дупки во небото и Озон**
**Змии на плажата**
**риби што одат**

**Лекари што се разболуваат**
**Болните не лекуваат**
**Пеачи што не пеат**
**Песни што не се пеат**
**Проклет збудален свет!**

**Поарно да играм карти**
**со мојот пријател**
**Наполеон.**

# ХАРМОНИЈА

**Остар звук**
**Тивок звук**
**Остар звук-тивок звук**
**Оди кон СИ**
**но потоа во ушите можеш да си ставиш**
**едно ДО**
**една многу брза скала - пауза**
**Лета преку диезите**
**со целата брзина**
**дише музика**
**повторно БИП – нагоре**
**потоа надолу БОП - многу брзо**
**и потоа успорува - успорува**
**и успорува-успорува**
**Ова е Сакс што свири**
**Брзо-брзо и сѐ побрзо**
**најбрзо**
**и пота полека-полека**
**сѐ пополека**
**И Саксот се одмара**
**за следниот Блуз.**

# ГЕНЕТСКИ ШЕГИ

**Човечкото тело**
**скоро секогаш е исто:**
**една глава**
**две уши**
**две раце**
**две нозе**
**и сѐ друго.**
**Понекогаш се случуваат необични нешта:**
**луѓе со**
**три раце и две глави или**
**едно уво на местото на носот.**

**Што се случува?**
**Едно дете, во игра,**
**ме влече за опаш.**

# ПРОМЕНА

**Надвор истурквам планини книги**
**едно црно и немо пианино**
**огромни парчиња намештај**
**една**
**глува гитара**
**стереото,**
**гаќи**
**чорапи,**
**успеав**
**преку вратата на мојата соба**
**да истуркам цел камион**
**Но зошто**
**јас не успевам да излезам?**

# МОЦАРТИЈАНА

**Еден голем оркестар**
**непрекинат**
**од славини што губат**
**истовар на кола**
**ѕвона**
**и**
**теленовели**
**со хистерични деца**
**Музиката ти се чини грда**
**но можеби**
**не сакаш да ја слушаш.**

# СЕМЕЕН БЛУЗ

**Девојчето се самозадоволува**
**во сенката на Гран Пене Циганте**
**Старата мајка чешка**
**еден богат турист**
**а таткото пијаница**
**радосно контролира.**
**Перверзен свет**
**Убаво семејство**
**Ете така бива.**

# ВРВНА ОДЛУКА

**Една пеперутккка**
**со крилја во илјадници бои**
**стои на еден лист.**
**Тој ја гледа**
**ѝ се восхитува.**
**Времето запре.**
**Една пеперутка**
**со крилја во илјадници бои**
**Тој ја гледа**
**неподвижен.**
**Го чека големиот лет.**
**Времето**
**исчезна.**
**Една пеперутка**
**со крилја во илјадници бои**
**што не може да лета.**
**Тој ја гледа**
**и со тупаница**
**ја згмечува.**

# МОНДЕНСКИ ЖИВОТ

**Сам.**
**Илјадници очи**
**што те гледаат**
**те истражуваат**
**те шпиунираат.**

**Чадови**
**лакомо**
**илјадници цигари**
**Ти сам**
**Во центарот на салата**
**Со илјадници очи**
**што те разголуваат**
**Пиеш**
**Нервозно**
**Илјадници мали насмевки**

**И илјадници очи**
**те стегаат**
**те опкружуваат**
**А ти сам**
**во центарот на салата**
**врескаш**
**илјадници пати**
**"ДОЗВОЛЕТЕ"**

# ПРОЗОРЕЦ

**Гледајќи во далечина**
**конфузен и депресивен**
**без да знаеш каде**
**без да знаеш што**
**ќе се увериш**
**срекен**
**дека не е твојот поглед**
**празен,**
**туку твоето око.**

# СОДРЖИНА

I
Живот во баруштина
На плажа
Небеска балада
Гватемала психоделично идими-дојдими

II

Каде е мојата душа?
Едене прекрасен ден
Проблеми со ковчегот
Работи и денови
Овде
Арлекин
Празничен ден
Прашање на кожата
Школски поуки
Арс драматика

III

5 Мали ноќни хаику

IV

Слика
Мртовечки танц
Необична граница на светлината
Совети на старецот
Најголемата улица
Проклето време
Скијање на вода
Игри на рамнотежа
Се е нормално

**Хармонија**
**Генетски шеги**
**Промена**
**Моцартиана**
**Семеен блуз**
**Врвна одлука**
**Мондеснки живот**
**Прозорец**